www.dnevnik.com.mk

# Дневник

РЕДАКЦИЈА 02/3236-800
ФАКС 02/3236-801

ДЕНЕСКА ПРИЛОГ
РЕПУБЛИКА

ГОДИНА XI, БРОЈ 3007 | ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН ОСВЕН ВО НЕДЕЛА, ЦЕНА 15 ДЕНАРИ | ЧЕТВРТОК, 9 МАРТ 2006

**СТАВ** САД НЕ НИ ГАРАНТИРААТ ЧЛЕНСТВО ВО НАТО СТР.2

**СВЕТ** ВО ШЕВЕНИНГЕН ДЕМНАТ ДУХОВИТЕ ОД МИНАТОТО СТР.9



**„ЗИМСКИ САЛОН“** ГРАН ПРИ ЗА ВЕЛО ТАШОВСКИ СТР.14

**СПОРТ** ДАНОЧНИ ОЛЕСНУВАЊА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ СПОНЗОРИ СТР.23

ВРЕМЕ
мин. -12 до -3°C
макс. -2 до 7°C

ДВЕ ГОДИНИ ЛЕТ ВО МЕСТО

## Нема кворум за законот за прислушувањето

Законот за следење на комуникациите веќе година и пол чека претседателот на Собранието Љупчо Јордановски да обезбеди кворум во Собранието за законот да биде усвоен. Поради ваквата неефикасност, повеќе од две години постои правен вакуум помеѓу Уставот и законите, бидејќи уставната забрана за следење на комуникациите беше тргната во декември 2003 година. И претходната и оваа власт тврдеа дека ова прашање мора итно да се регулира за да се зголеми ефикасноста во борбата против организираниот криминал и корупцијата, но и да се заштитат граѓаните и политичките партии.

Иницијативата за озаконување на прислушувањето јавно беше обелоденета уште во 1998 година. Ова е втор законски проект, по тој што го подготви владата на Љубчо Георгиевски, кој чмае по бирократските фиоки, бидејќи партиите и него сакаат да го искористат за меѓусебни пазарења.

(Опширно на стр.3)



ВО БРИСЕЛ ПРЕЗЕНТИРАНИ ЧЕТИРИ ИЗДАНИЈА




„Отоманското царство“




„Нациите и државите во југоисточна Европа“




„Балканските војни“




„Втората светска војна“

# Македонија и Балканот добија учебници по историја

### Освен во воведните текстови во кои се користи терминот ПЈРМ, во текстовите на учебниците нашата земја се нарекува со уставното име

**СВЕТЛАНА ЈОВАНОВСКА**

**Наша дописничка од Брисел**

Основците и гимназијалците од југоисточна Европа наскоро ќе можат да учат историја од учебници што заеднички ги подготвија експерти и професори од целиот регион.

„Отоманското царство“, „Нациите и државите во југоисточна Европа“, „Балканските војни“ и „Втората светска војна“ се насловите на четирите учебници по историја што вчера во Брисел ги презентираше Центарот за демократија и помирување на Балканот со седиште во Солун (ЦДРСЕЕ). Четирите учебници имаат за цел да бидат дополнителен материјал на часовите по историја во Албанија, Босна, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грција, Македонија, Романија, СЦГ вклучително Косово, Словенија и во Турција.

- Станува збор за историски настани и периоди заеднички за сите во југоисточна Европа и поради тоа соодветствуваат на училишните програми во сите земји - велат во ЦДРСЕЕ.

(Опширно на стр.4)



Четирите учебници треба да бидат дополнителен материјал на часовите по историја

ВО БРИСЕЛ ПРЕЗЕНТИРАНИ ЧЕТИРИ ИЗДАНИЈА

# Македонија и Балканот добија нови учебници по историја

**Освен во воведните текстови во кои се користи терминот ПЈРМ, во текстовите на учебниците нашата земја се нарекува со уставното име**

СВЕТЛАНА ЈОВАНОВСКА
Наша дописничка од Брисел

Основците и гимназијалците од југоисточна Европа наскоро ќе можат да учат историја од учебници што заеднички ги подготвија експерти и професори од целиот регион.

„Отоманското царство", „Нациите и државите во југоисточна Европа", „Балканските војни" и „Втората светска војна" се насловите на четирите учебници по историја што вчера во Брисел ги презентираше Центарот за демократија и помирување на Балканот со седиште во Солун (ЦДРСЕЕ). Четирите учебници имаат за цел да бидат дополнителен материјал на часовите по историја во Албанија, Босна, Бугарија, Хрватска, Кипар, Грција, Македонија, Романија, СЦГ вклучително Косово, Словенија и во Турција.

- Станува збор за историски настани и периоди заеднички за сите во југоисточна Европа и поради тоа соодветствуваат на училишните програми во сите земји - велат во ЦДРСЕЕ.

Македонското Министерство за образование го поддржува овој проект и вчера во Брисел беше цитирано писмото на министерот Азис Положани во кое е изразен интерес за превод на сите четири книги на македонски јазик. Во моментов учебниците се на англиски и на српски јазик, грчката верзија е во изработка, а веќе е најдена парична помош за превод на бошњачки, хрватски и на албански јазик.

Проектот почна во 1998 година, со американска парична помош, а потоа помош продолжија да даваат Австрија, Норвешка, Швајцарија и Велика Британија.

Значењето на овој проект, според ЦДРСЕЕ, е во тоа што тој не е наметнат пристап, туку станува збор за учебници чија содржина заедно ја работеле професори од регионот, кои сметаат дека е потребно итно да се испитаат нивните национални истории и начинот на кој тие им се пренесуваат на учениците. Првите нацрти на учебниците биле тестирани и оценети од професорите чии забелешки се вклучени во финалните верзии. Со проектот раководи Комитет за историско образование, кој се состои од 17 универзитетски и средношколски професори, како и образовни експерти. Учебниците треба да станат корисни прирачници и за универзитетските професори, студентите по историја, невладините организации и министерствата за образование. Планирана е дистрибуција на учебниците за 15.000 професори по историја.

Освен во воведните текстови во кои се користи терминот ПЈР Македонија, во текстовите на учебниците нашата земја се нарекува со уставното име. ■